ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: МЕДИУМИТЕ
Дата: 16 .02.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИТЕ

## е-формулари за ПЗУ-аптеки како дел од проектот е-Влада

По повод денешната промоција на е-платформата за комуникација помеѓу аптеките и ФЗОМ од страна на Министерот за информатичко општество и администрација **М-р Иво Ивановски** и директорката на ФЗОМ **М-р Маја Парнарџиева-Змејкова** Ве информираме за придобивките од ваквиот систем на комуникација.

Електронските формулари за аптеките ќе овозможат полесна и побрза комуникација меѓу фондот и аптеките. Тоа ќе придонесе за поефикасно работење на аптеките, како и за позадоволни корисници и пред се позадоволни осигуреници.

Со оваа реформа, секоја аптека ќе има можност брзо и едноставно, по електронски пат да пополни формулар за состојбата со лекови кои се на товар на фондот , односно да достави извештај за месечните требувани и испорачани лекови а аптеките ќе добијат повратна информација за истото.

**Овој систем претставува Платформа за повеќе видови на комуникација помеѓу ФЗОМ и аптеките кои и во иднина ке се надградуваат и усовршуваат според потребите на ФЗОМ, а во интерес на осигурениците. Системот беше креиран од Министерството за информатичко општество во соработка со ФЗОМ.**

Главните придобивки се следни:

- Полесен, побрз, поквалитетен и ефикасен начин за следење и обработка на податоците од аптеките
- Поефикасна администрација
- Зголемување на степенот на софистицираност на е-услугите
- Добивање на повратна информација за прием на прегледот
- Платформа за повеќе видови на комуникација помеѓу ФЗОМ и аптеките кои и во иднина ке се надградуваат и усовршуваат според потребите

Бранко Аџигогов
Портпарол